**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**СУ.бр.0102-426/2021-2**
**12.07.2022 година**
**Скопје**

Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ"бр.58/06, бр.150/10 и 83/18) и член 112 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ"бр.66/2013,114/2014), на седницата на судии на Вишиот управен суд, одржана на ден 12.07.2022 година, донесе:

**ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ВИШ УПРАВЕН СУД**
**ЗА 2022 ГОДИНА**
**СУ.бр.0102-426/2021 од 29.12.2021 година**

Според член 113 од Судсиот деловник, („Службен весник на РМ"бр.66/13,144/14), доколку настапат промени на условите под кои е донесен годишниот распоред за работа во судот и тоа се одразува на успешното работење на судот, во текот на годината може да се изврши негово изменување и дополнување согласно постапката за донесување од овој деловник.

Во Програмата за работа за 2022 година, заведена под СУ.бр.0102-426/2021 од 29.12.2021 година и Дополнувањето на Програмата за работа на Виш управен суд за 2022 година СУ.бр.0102-426/2021-1 од 11.03.2022 година, се врши измана и тоа:

ГЛАВА **III – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ДАНОЧНИ, ЦАРИНСКИ, И ДРУГИ ПРАВА,** во точка 1 и точка 2 се менуваат и гласат:

**„ Формиран е еден судски совет. Во овој судски совет, се одлучува за:**

**Правата од областа за даноци, царини и други права, и тоа за: персонален данок; данок на добивка, данок на додадена вредност, данок на имот, даночен долг, контрола на данок, даночен гарант, сите видови на данок на промет, присилна наплата, одлагање на извршување за наплата, комунална дејност; комунална такса, права од индустриска сопственост и интелектуална сопственост, трговски марка, авторски права, присилно извршување на судска такса, донации и спонзорства, донации од јавен интерес, финансиска поддршка за исплата на плати, регистрација на грб и знаме,заложно право, регистрација на даночен обврзник, контрола на трговски друштва, утврдување почетна вредност на недвижност; мерки на инспекциски надзор од областа на комунална дејност; молчење на администрација и управни договори од горе наведените области, прекршоци од областа на даноци, царински давачки, задолжителна тарифна информација, измена на податоци во царинска декларација, акцизи, правата од област азил, статус на бегалец, добивање и одземање патни исправи, државјанство, живеалиште и престојувалиште (пријава, одјава и престанок); одобрение за престој на малолетно лице, матична евиденција на граганите; полагање приемен испит (нотари, извршители, обвинители); основ разрешување од должност - носители на јавна функција, обвинители, нотари, извршители, адвокати и дисциплински постапки, дискриминација; оружје, добивање и престанок на дозволи за носење оружје и негово одземање; молчење на администрација и управни договори од горе наведени области, како и царински,**

**акцизни и девизни прекршоци, и повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15, оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, Скопје, изборни предмети, верификација на мандат на пратеник, распоредување на работно место, дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори и оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија.“**

Ова измена е составен дел на Програмата за работа на Вишиот управен суд за 2022 година, заведена под СУ.бр.0102-426/2021 од 29.12.2021 година.

Со текот на работењето на Вишиот управен суд Програмата, соодветно би се дополнувала во согласност со согледаните позитивни или негативни појави, заради зголемување на ефикасноста и ажурноста на Судот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВИШ УПРАВЕН СУД**
**ИСМЕТА АМЕТ**